

Климент Шапкарев (30. I. 1875 – 12. IX. 1949) е македонски просветен и револуционерен деец, член на Македонската револуционерна организација, личен соученик и личен пријател на Гоце Делчев. Бил во четата на Делчев и како еден од најписмените борци бил поставен за секретар. Тој е автор на брошурата „Спомени и размислувања за Гоце Делчев“.

Климент Шапкарев  е роден на 30 јануари 1875 година во Охрид. Тој е син на истакнатиот етнограф и фолклорист Кузман Шапкарев. Во 1893 година ја завршил Солунската егзархиска машка гимназија „Св. Кирил Методиј“. По завршувањето на Солунската гимназија студирал биологија и хемија на софискиот унивезитет.

Во гимназијата станал член на тајниот револуционерен кружок заедно со Гоце Делчев и Петар Васков.  По влегувањето во ТМОРО бил избран за нејзин пунктов началник.

Дипломирал во 1898 година и станал учител во Самоков, а во исто време работел и како пунктов началник на Македонската револуционарна организација (МРО), организирајќи пренесување на луѓе и оружје преку границата во Отоманската империја. Во 1897 година бил делегат на Самоковското друштво на Четвртиот македонски конгрес.

Во 1904-1905 година К. Шапкарев бил учител во Одринската гимназија „Д-р Петар Берон“ и секретар на Одринскиот окружен комитет на ТМОРО. Тој бил делегат на Рилскиот во 1905 година, и на Ќустендилскиот конгрес во 1908 година.

Во Првата балканска војна, К. Шапкарев  се борел кај Одрин како доброволец во бугарската армија. Во Втората балканска војна бил во штабот на Македонско-одринското ополчение. За време на Првата светска војна бил во Велес како

член на Комисија за цензура.

По завршувањето на војната 20 години предавал во земјоделското училиште во Садово. Во исто време, во 1936 година, се вклучил во раководството на Добротворното друштво на македонската емиграција „Гоце Делчев“ во Пловдив.

По Балканските војни К. Шапкарев се оженил со Амалија Примџанова, која заедно со Славка Чакарова - Пушкарова од Струга , Љуба Кљапева од Велес и Јанка Каневчева од Охрид били членови на револуционерна женска група.

За време на Втората светска војна, по окупацијата на Македонија во 1941 година, К. Шапкарев, дошол во Битола. Веднаш по доаѓањето бил ставен за управител на Сиропатилиштето. Една година по доцна Шапкарев бил вработен за наставник по биологија во Земјоделското училиште.

Во 1944 г. бугарската власт, по капитулацијата, побарала Шапкарев да се врати во Бугарија. Но тој се скрил и останал во Земјоделското училиште. По Втората светска војна К. Шапкарев живеел во слободна Македонија нецели седум години.

Климент Шапкарев починал на 12 јануар 1949 година во Битола.

Тој е автор на брошурата „Спомени и размислувања за Гоце Делчев“ (Пловдив, 1934 г.).

(извор: „Значајни личности за Битола“, Битола, 2007 г.)



Подготвил: Т.К